
ЈАБАНА
КОМИКС
ТИБАМ
ШТРКОТ
ЗОРАН СПАСОВ

З О Р А Н   С П А С О В - Ѕ О Ф

# ТИБАМ ШТРКОТ

## МИТРЕ СТРЕЛАТА
## ВО ЗЕМЈАТА НА ЧУДАТА

ТИБАМ ШТРКОТ

Зоран Спасов – Sоф

mitre.strelata@gmail.com

Стрип Маестро
Михајло Димитриевски - Тхе Мичо
www.themicos.blogspot.com

Принт издавач - Датапонс

web издавач - Јабана Комикс

Што има у книфчево?

5 Уместо предговор, увод и сл...
7 Кој е Митре Стрелата?
11 Уелкам ту парадајз
15 Бабо, бабо, зошто ти е толку голем...
19 Кај баш Торонто?
23 Троко на стрито, хајвејо и драјвејо
27 Идила – Вилеров гоблен
31 Кафе у хамер
35 Јемиш, зарзават, мешпајз...
39 Исто... ама не е (баш) исто
43 Носталгијата пуста да остане
47 Маската на кираџијата Зоро
51 Срам и брука за Македонија
55 Нирвана уз пиво у кофа
59 Ќе ти го скршам ќебето
63 Канадска маала није шала
67 Ла Долче Вита
  67 Политиката е... самовила
  69 Кад ми је карта кренула...
  69 Книги и здравје
  71 Ај запали да те видам...
  72 ТиВи Скеџуле
  73 Волим осмех твој
  74 Очи петбанки
  74 Фрчат пари од сите страни
  76 Грталица
  76 Ало, Климе! Кротко веслајте кајчето...
  77 Море тој ми испил три илјади гроша
79 Учениче на стари години

## Уместо предговор, увод и сл...

Уште одма, на почеток, да се разбереме... Да нема после: не знам, не ми кажаа... Ракописот е пишуван на скопски сленг, али лајт варијанта. Тоа е дијалект што све мање се збори, полека изумира и го снемува од скопските улици. Задњи сачувани ликови се Петар Арсовски у "Среќна Нова ЧетириесНекоја", како и групата од 6 души (што имаат укупно 700 години) што се собира секоја субота кај Чамо... Затоа, у оваа прилика, би ги замолил за прошка Блаже Конески и Круме Кепески, како и сите О'риѓани и Битолчани (и Битолчанки)...

...

Соу, не постои човек што не ги прочитал неверојатните приказни за ветената земја од калибарот на "Босанац у Канади" и "Домаќи задатак". Читаш, се газиш од смеење и се прашуваш "– Могуќе ли е?"... И овој текст е нешто слично, у тој стил, ама не баш. Ова повеќе е обид, Канада да се види со македонски очи, но и да се доживее со космополитска душа; низ малите есејчиња да се доловат измешаните чувства на љубов, среќа, тага, радост, носталгија...

Еден од "самопрогласените" рецензенти на ова издание пиша дека ова е еден хибрид помеѓу (стихо)збирка од есеи и добар Марвел стрип. Друг еден малце поише

забајди па текстов го нарече – "духовита прозна поезија"... Што и да е, на почетокот книжулево беше замислено како водич за идните печалбари и тазе имигранти. Си имаше и работен наслов "Митре Стрелата у Земјата на чудата". Но, нешто се деси и у текот на пишувањето текстов неприметно мутираше у стрип. Чуден стрип што им дава одговори на сите оние што се прашуваат: "Како (им) е таму?" и "Вреди ли да се покуша?". Новиот наслов "Тибам Штркот" е инспириран од животната сторија на нашиот јунак – Митре Стрелата.

Во четивото ќе се пронајдат и оние што се веќе тука, што веќе не ни приметуваат дека се ликови од оваа стрипотека. Факт е дека сите тие се позитивни јунаци, независно од сите маани што ги имаат.

Како и да е, книфчево е посветено на Македонското комјунити. Тоа е една посебна организација, без седиште, печат, сметка и претседател. Нема ниту правила, ни статут, ни кодекс на понашање. Стихијно е создадена и на истиот начин функционира. Ако треба да ја опишам, тоа е една голема Алан Форд дружина. Чесна, доблесна, искрена, неверојатно пријателска... Што би рекол Јован Стрезовски – "Дружината Братско стебло"... Овде-онде има и по некој коров, но тоа е за кратко. Не му успева да метастазира покрај прекрасната и вечно зелена вимблдонска трева...

Торонто,
Зима Господова, Две Иљади и Некоја

----------

P.S. Морам у старт да кажам дека авторот на книжулево не се слага со сите ставови на Митре Стрелата, посебно околу егејското прашање. Но тука нема мрдање – Митре е изградена и стабилна особа. Неговата, секогаш е задња.

## Кој е Митре Стрелата?

Од кај да почнам?...

Митре го знам откако знам за себе. Многу се друживме, бевме неразделни. Делевме све: добро, зло, Снежец и Гринго. Заедно растевме мада он никад не порасна... И од увек ми беше малце чуден. Некако поразличен од сите нас.

Сликите од детството се подизбледнати. Митре го памтам по тоа што живееше у саглам фамилија и у дом исполнет со љубов. Уживаше у читање енциклопедии, гледање Квискотека, омилени му беа проектите по ОТО и домаќинство, собираше сликици, беше опседнат со ИТД...

У младоста ништо не му фалеше – Пони точак му купија у второ, шими ципели со пенче у седмо, Ха-Е-Сер у прва година... У школо беше струја – Вуковац со сите петки. Трет на републичко у математика. За награда, два пути ја носеше штафетата; еднаш дури и на плоштад.

Слободното време му беше резервирано за џамлии на мор, тапка, народна, петкамца, џамија и други спортови. Играше и фанта позади школо, ама за среќа не стана коцкар.

Покасно беше панкер, па хеви-металец (на граница со хипик), па првак у јамб у гимназија... Имаше и клупче

позади пазарче, возеше аПеЕн-Шес, го избркаа од ЕсКаЈу, неколку пути пијан идеше и школо, го фатија како шверцуе фармерки од Трс'... Живееше, шеташе, уживаше, ама душата му сонуваше нешто друго...

Следеше факултетот, па свадба, две деца набрзинка, па немаштија... Весеље за првиот колор телевизор у боја и еуфорија за полураспаднатиот Мини Морис... Со работата никако да му тргне.

Поминаа неколку години и берићатверс'н – некако почнаа да му се редат коцките. Работеше по дваес саата на ден, ко коњ. Имаше доволно за пристоен живот. Не смееше да се жали зашто ќе добиеше заушка од Горниот... Полека минуваа годините, а кај Митре за цело време остана да тлее истиот нелагоден филинг. Се трудеше да го апстрахира и да не го есапи многу, ама џабе.

На крајот решив да му го плеснам у фаца и да го прашам: “Добро бе брат, који ти е к.....?“. А он, као да цел живот го чекаше овој момент. Ја отвори душата. И почна...

. . .

Роден сум пред четириесет и кусур години (по грешка) у Градска болница. Не, не сум Јас роден по грешка. По грешка сум се родил у Градска. А еве како беше...

Као кроз магла памтам. Се стаписав кога Господ влезе у собата. Ме погледна, се почеша и се подзамисли. Се сврте накај секретарката и ја замоли: "Пушти му пилотка или ЕсеМес на штркот од ДеХаЕл". Настана десет-минутна гробна тишина. Нешто тропна, се отвори вратата, и што да видам? Влага апостолот-приправник и го најавува штркот. Темен ми се облак зададе кога видов кој треба да ме пребаци од оној на овој свет. Изгубен сањалачки поглед, инкасаторска капа, жгољо од глава до пети, очерупани пердуви... Му се вртам на Дедо Боже и му викам "Шефе, грефчево не може да лета до Калифорнија, ќе ме испушти негде по грешка..." Добив, не баш срдечен одговор: "Знае Силјан кај треба." и толку. Одма ми стана јасно дека нешто не штима. Ама ај кажи му нешто на Шефот.

Се помирив некако со судбината дека ќе живеам во библиската земја што е колевка на културата,

престолнина на многу кралеви и мајка на словенската писменост. Ама јанѕа некако ме изеде.

Гледам сите околу мене се среќни и весели, а ја чурук. Само мене све нешто ми смета. Ми смета што комшиите ми ги бројат ќесите кога се враќам од Тинекс; кога црни коли со црни стакла се паркираат у трава или пред Ристиќева; кога не можам да отидам на базен у зима, пошто некој шапшал не платил нешто; кога не можам да се отарасам од бубашвабите, пошто комшијата од седми немал 80 динара. У Шипковица не ми дадоа фискална сметка. Другар ми не може да ја регистрира колата пошто нема да му останат пари за Лактовит. Сакам да мочам у нормално јавно ВеЦе, а не позади НаМа. Охриѓани ми ги избушија гумите. Не сакам да сум пријавен на минималец. Ми се повраќа од изборни кампањи; од билборди и ситилајти, насликани со исфрустрирани копуци, дибеци и жбитаци, што сакаат да станат некој и нешто; од лопови и преваранти што слободно се шетаат по улица; од доктори-митаџии, цајкани со по два мобилни, учители без етика, лидери со мноооооогу мали јајценца и гооооолеми бисаги... Одлепив, а?

Кога, ете ти го Шефот. Го гледам онака – држеќи, шармантен, прав фраер. Не ми се веруе на очиве – у рука држи четири пасоша. Се крстам и сфаќам дека имало Господ. Споро нешто конта, ама бар праведен е. Му приоѓам, благи наклон, а он ме тапша по рамо и ми се обраќа на шуќмураст англески (со акцент ко Раде Шербеџија): "Еве ти визи за Канада. Иди, види, па пиши како е".

Го послушав. Отидов, видов и еве да пишам како е.

----------

Снежец – кралот на сите сладоледи на стапче.

Гринго – сок за растварање у прав. Никој не го раствара – сите го лижат.

шими ципела – кондура со умерена каубојска штикла, напред шпицаста и по можност пенчетирана со железвца за да ти звецкаат кораците

Ха-Е-Сер – најдобро појачало откако постои човештвото.

Вуковац – ученик на генерација, најчесто бубалица (у овој случај исклучок).

бериќатверс'н - фала му на: Господ, Алах, Саи Баба, Далај Лама и сл.


WHITESNAKE
ISKRA

# Уелкам ту парадајз

Откако авионот ќе направи тач-даун, му треба уште пола саат за да се откотрља до терминалот. Чекаш стјуардесата да ти ги покаже зубите, гордо се исправаш и со кнедла у грло и олово у ноги – стапнуваш во туѓината. Овој момент си го чекал, посакувал и замислувал со години. Ама џабе. Те обзема чувство слично на она кога ќе се измочаше у гаќи, а сите твои врсници веќе две години не носат пелени.

Не знам како, ама уште на влез те препознаваат дека си имигрант. Те прашуваат дали некој знае да бекне нешто на англески или да ви го пратат црнецот што студирал у Београд. Ви ги собираат пасошите као да сте Украинки у некое гостиварско село. Не проаѓа ни минут и ете ти го типот што ве мерка од глаа до пети, ко да е (шнајдерот) Ангелковски. Ве слика наново пошто не им веруе на македонските фото-студија. Све се завршува за пола саат и сите се преобразувате у привремени Канаѓани.

Аеродромскиот паркинг е првиот контакт со новата планета. Прво што приметуваш е дека сите коли се два броја поголеми. Бараш да најдеш прегорена неонка и прљава кола. Не успеваш. У тој момент го здогледуваш твојот ”чекач”, кој по правило има најголем вен за да може да ги собере твоите осум шверцерски торби од по 25

кила и четирите парчиња рачен багаж од по 50 кила; со други зборови – точно четрсто кила.

...

Македонциве имаат утабано стаза по која мора да се помине за да после некоја година се допре благодетното и бериќетно небо... Све започнува од ”ренталските” згради. У овој случај тоа се т.н. балканско-гетоизираните згради. Тука на купче живеат пеесетина македонски фамилии, десетина српски и бугарски и по некој залутан црнец, Пакистанец и Албанец. Лесно се препознаваат по тоа што на секој балкон има вешто камуфлирано буренце со кисел купус, а може да се забележи и мало казанче за печење ракија. Тоа се објекти што најмногу личат на паланечки румунски згради од времето на Чаушеску. За споредба – нешто као руските згради у Карпош. Препознатливи со по дугачките и тесни ходници како и пенџерињата што не се отвараат. Ова е мерка на предострожност за да случајно не се џитнеш од дваести спрат кога ќе те отпуштат од работа. Како не би се угушил од недистиг на кислород, у секоја соба има мало шалтерско пенџерче кое е забарикадирано со мрежа против комарци.

Домот го опремуваш полека ама домаќински. Сите основни работи ги купуваш од Долорама, каде што све кошта по долар. За сто долара, не можеш до дома да се однесеш. После некој месец стануваш и редовен гостин на секој гараж-сеил у маало. Овде, за пет долара ти шиткаат појачало со звучници, а за дваеспет – тросед, двосед и хоклица.

Сепак, најголемата трагедија те задесува кога ќе ти кажат дека не смееш да имаш машина за перење. Тоа е строго забрането, пошто перењето се одвива у заедничка просторија у подрум за да твоите доларипол му го зголемат јадниот инкам на Евреинот што е газда на зградата. Ама, може ли он да е поербап од нас? Нема шанси! Купуваш мало машинче за перење, обавезно бесшумно, му монтираш тркалца и го паркираш у кујна. После перење, го отштекуеш и задолжително го криеш у најтемното катче од станот. Е, у случај да низ окцето го здогледаш суперинтендантот, обавезно врз машината го

фрлаш најубавиот чаршав од чеизот и све со цел – да не го откријат твојот и-Ти...

...

Со самото доаѓање у Канада ти си социјален случај. Никој не ти дава кредитна картичка, возиш крш со два милиона пројдени километри, ја трошиш животната уштеѓевина што си ја донел од дома. Жена ти е спремна одма да се враќа, децата се изгубени у просторот и времето, а ти немаш г'з да се запрашаш: ”Кај к.. ги донесов?”. Имаш душек без кревет, турско кафе без ѓезве, кујна без тањири и тенџериња, детска соба без играчки, ружен паркет без теписи, пенџериња без завеси...

Но, тоа не е ништо. Овде се живее у еден нов облик на симбиоза каде мажите ”као нешто” работат, а жените секое сабајле се собираат у групи од по десетина комада, сркаат турско и ”редат” за Македонија. Тука, уште првиот ден се запознаваш со познатиот скопски ортопед што овде е цар за местење драјвол (гипс-картон), академскиот музичар од МНТ што разнесува пици, машинскиот инженер што е конобар по свадби... Си викаш: ”Па што ќе работам јас?”. Се дешава и од време на време да ти пролета некој од нив пред очи, дотеран ко селско дете за на вакцина, што претставува јасен знак дека иде на интервју. Брзо разгласуваш по комшии и целата зграда е у неизвесност: дали електро-инженерот што бил помошник директор у Пошта ќе успее да стане шеф на втора смена у МекДоналдс?

Оваа фаза не трае богзнае колку. На крајот, секој си го наоѓа своето место под ова небо, најголемо на светот.

----------

гаража-сеил – у превод ”бувљак пред шупа”. Се организира со цел да се оттарасиш од ствари што не ти требаат или не ѝ се свиѓаат на жена ти.

ербап – способен, итар, финтаџија...

суперинтендант – домаќин у зграда. Живее муфте без да плаќа кирија, а заузврат ги собира чековите, мења сијалици, им се смешка на сите и те риба ако пуштиш гласна музика.


AIBAP

## Бабо, бабо, зошто ти е толку голем...

Овде све е големо, грандиозно, кабасто, "огромателно"... Овој збор го измислив за да можам да го кажам она што го мислам. Еве неколку интересни факти за да се види што ми е муабетот:

- Прво, да почнеме со Канада. Голема е колку цела Европа со еСеСер до Урал. А можеби е посликовито ако кажам дека има површина колку 400 Македонии. Поточно кажано - 388. За ваквите нешта овде имаат и посебен израз – Факин‘ биг.
- Ако едноставно сакаш да запалиш кола и да се повозиш, ти си на вистинското место. Најдугачкиот национален аутопут на светот се наоѓа во Канада. Trans-Canada Highway е долг, ниање ни више, него тачно 7,604 km. Оваа раздаљина, ако сакаме да ја објасниме со свои зборови, би изгледала нешто као: од Скопје до Хонг-Конг на исток, или уште посликовито - од Скопје до Венецуела на запад. Следи и причица за да може еден човек што живее у една мала земја (не поголема од жардињера) да ја сконта поентата.
- Локалниот Пајо Чутура често добива камионска тура Атлантик-Пацифик, што значи проаѓање на 15,500 km како и возење цел месец, вклучувајќи суботи, недели како и државни и верски празници. За секоја оваква

тура потребни му се скоро 4,000 литра гориво. Уље мења после секоја тура, гуми после секоја 5-та, а после дваестата камионот го продава у Источна Европа или Западна Африка.

- Ако си рибар, или се импресионираш од пејсаж на викендичка покрај вода – оваа земја е створена за тебе. Неофицијално, Канада има преку 3 милиони езера. Официјалниот податок е – 31,752 со површина поголема од 3 $km^2$. Еве и уште еден неверојатен детаљ: Канада има повеќе езера отколку сите други 194 земји заедно.
- Ако се секираш да не снема вода за пиење, Канада поседува една четвртина од целата слатка вода на Земјината топка. Ако се земе у обзир дека овде живее 0,5% од светското население и све тоа се подели и помножи, се добива податок дека овде има пеес пути поише вода по глави становника него било каде.
- Дали си мераклија на собирање печурки, шумски јагоди и боровинки? А можеби си и неустрашив ловџија на кој му дошло преку глаа од тепање зајци, еребици и препелици. Сакаш вистинска борба "пушка у прса" со мечки од 400 кила и елени големи ко нилски коњи? Обеќана земја. Половина од површината на Канада е покриена со шума.
- Ако по некоја случајност си заљубен у природата, еве ти добра информација: Канада има 42 национални парка, кој од кој полични.
- Ако цврсто си решил да направиш нуклеарна централа у маало, треба да знаеш дека Канада е најголем светски производител на ураниум.
- Ако си се пронашол себеси у ликот на Форест Гамп, тоа значи дека си спремен да идеш пешки по канадскиот брег со темпо од 20 километри на ден. У случај да ја завршиш прошетката, аутоматски добиваш орден Народен херој. Има само еден мал проблем. За овој славен подвиг ќе ти требаат цели 33 години, 3 месеца и 15 дена, затоа што Канада го има најдолгиот морски брег – 243.000 км.

- Ако си од оние што талкаат по улици, ова е право место за таква активност. Најдугачката улица на светот се наоѓа у Торонто. Yonge Street е дугачка 1.896 km (или со зборови – иљадудевесто километри). Треба превод? Од Скопје до Сирија.
- Ако скопските (или, скраја да е, битолските) улици ти се тесни? Познатиот аутопут "фо ро уан" (401) е најпрометната сообраќајница на светот. На одредени места има по једанаес ленти у еден превец. Податок за Рипли: Близу 600,000 возила дневно се тркалаат по овој асфалт.
- Ако си спортско типче, а и да не си... Канада има 900.000 регистрирани фудбалери, наспроти 600.000 хокеари. Претворено у реални бројки, тоа е исто као у Македонија да има 60.000 активни рукометари и 40.000 фудбалери. Не сакам ни да се замарам со другите спортови зашто на крај ќе искочи дека овде има поише спортисти од жители.
- А, ако ти е све преку Тасе, плус, рецимо, ти се свиѓа ова што е погоре кажано, па уште ако се пронајдеш себи си у мотивите на мојата маленкост – Митре Стрелата, ти си дефинитивно спремен да го дигнеш сидрото и да се запрашаш: "Бабо, бабо, а кај да се отиснам?"
- Според ООН, Канада е најдоброто и најхумано место за живеење на оваа планета.

----------

Пајо Чутура – фантастичен лик од "Камионџии", ортак на Живадин "Јаре" Јариќ и возач на "камион шестотон јури као авион".

Рипли – познат колумнист од втортата страна на "Политикин забавник" и создавач на сеуште неоткриената превара "Веровали или не".


242.000km

## Кај баш Торонто?

За да се опише овој град потребна е цела книга. Еве некои епитети и флешови.

- Ова е најбезбеден град во Северна Америка,
- СиЕнТауер е највисока кула на светот (553 метра и 33 сантима),
- Во последниве десет години доселени се преку 500.000 имигранти,
- Пола од Торонточаните се родени надвор од Канада.
- За Јанг Стрит кажавме на почетокот – 1,896 km,
- Никој не знае англески ко што треба, а сите супер се разбираат.

**Големо.** Торонто е чудно и импозантно големо. Има шест, седум или осум милиони жители, во зависност у кои граници се рачуна. Тоа и не е толку битно ако се знае дека оваа руља е распослана на пространство од цирка 160 km по дужина и печеесет по ширина. Добар пример е идењето на кафе кај едни наши прекрасни пријатели (иначе, мои сограѓани). Гледањето се сведува на "лани еднаш, годинава поретко". Ако го споредам со Скопје, му доаѓа нешто како – ја живеам у Капиштец, а они у Ново

Лисиче. Овде у двата правца возам 250 km, тепам минимум три саата (плус кафето) и трошам тачно 40 литра бензин.

**Шарено.** Торонто има најмногу народи, народности, верски групи, подгрупи, множества и комјунитија од сите градови на светот. Бели, полубели, беж, жути, окерасти, црномањасти, чоколадни и црни. Не џабе носи партизанско име – Бенетон сити...

**Мулти.** У Торонто се зборат повеќе од 140 јазици. Не постојат зборови со кои може да се опишат неговите автентични жители. Најблаго кажано – збирштина на фрикови и чудачиња на која може да ѝ позавиди и Алиса. Првите години малце ти е шубе и фуфка кога шеташ по улици. Со тек на време све е ОК, освен малата нелагодност при случајната средба со проамерички настроените Ред некси (и по некој Хилбили). Ќе ги препознаете по тоа што имаат кожни елечиња со многу нитни, пеес тетоважи (од ѕивана на Харли до ЧеГевара и Богородица), им фалат минимум осум зуба, немаат шишки, но затоа имаат џигерици за (страхо)почит. Многу ретко се бањаат, а се перат – никад.

**Модерно.** Што се однесува до аутфитот, тоа се разни суштества со мали, средни и големи турбани, фесови у сите бои, ретко со некои кечиња, безбол капчиња, понекоја шајкача, наци баретки, хеклани капи Боб Марли, каубојски шешири, мексички капи големи ко сунцобрани, дамски шешири со воќна салата од страна... Иститe тие креатури на себе носат панталони ко ќунци, очајно ружни фармерки, шалвари, чаршафи, јамболии, черги, ѕидарски маици у зима, монтки у лето... Ликовите се тиха језа – фризури ко Марџ Симпсон, дугачка брада сплетена у пунџа, гајтан веѓи ала Брежњев, бркови врзани у лептир машна позади уши, Амиши со страшно рунтави бакембарди...

**Расштркано.** Просечните километражи изгледаат вака: гости 30 km, добро кафе 50 km, работа 30 km... Ако ти падне на памет да идеш пешки по леб и млеко, земи си сендвичи за по пут. Секое идење пешки се сведува на пуста неостварена желба. У овој град никој не иде, никад

и нигде, пешки. Не постои ниедна шетачка зона. Нема ни саглам плоштад; најголемиот е помал од оној во Пехчево.

Слагалицата на Торонто е составена од непрегледни пространства на куќи, прошарани со илјадници паркови, голф клубови, илјада покриени базени, безброј тениски терени, рекреативни центри... На долго и широко.

**Чисто.** Дури ни чистокрвните балканци не прават зеленкасти топчиња направени од репро-материјал пронајден во длабочините на носот. Дури и да направат, топчето си го виткаат у книфче и си го чуваат у џеб. Овде никој не прља и затоа нема потреба никој ни да чисти. Се дешава, додуша, некад да се разбуди Неандерталецот у тебе и несакајќи да го зафучариш пикавецот у непознат правец. На ова му претходи промуќурен поглед лево и десно, да случајно не бидеш приметен од случајните минувачи. Е, ако те приметат, иронично ќе ти добацат на некој арапски дијалект: "Пу јаз'к, сељачиште едно!". Се каеш, ама све ти е јасно – тоа другарите од Македонија си играат со вуду чоече, напраено у твоја част.

Мала дигресија. Толку е чисто и скоцкано, да по улиците и парковите не можеш да најдеш ѓубренце. Уште почудно е што нема ниту еден камен. Сум возел по 200 km, а камен ни за лек. Баш нешто размишљам, ако детето твое се изнервира и му дојде да скрши џам у школо (како што тоа го правеле неговите претци), треба да иде у специјализирана радња и да купи 6 камења за 3$, измиени и спакуени у вреќичка со пластична ручка...

----------

Торонточан(к)и – До ден денес, никој не знае како е правилно, Торонточани, Торонтончани, Торонтонци...

Марџ Симпсон – мајка на Барт и животен сопатник на Хомер.


TORONTO MA
3$

## Троко на стрито, хајвејо и драјвејо

Колите се страшна тема. Просечните Канаѓани у просек проаѓаат по 10 саата неделно у кола и најчесто работат у фабриките каде што се произведуваат "МадеИнКанада" Форд, Хонда, Тојота, Крајслер....

Овде никој нема чуено за Пежо, Рено, Цитроен, Алфа, Сеат, Фиат, Шкода... Дачија не можат ни да ја изговорат. Овие модели се заменети со Понтијак, Крајслер, Линколн, Кадилак, Сатурн, ЏиЕмСи, Доџ, Бјуик, Олдсмобил ...

Како и да е, човек сфаќа дека у голема земја се возат само големи оуверсај‘зд коли. Овде за (не)среќа не постојат Корсичка, Ренуле, Пежонце... Недајбоже, ама со такво аутце би те прегазиле к‘о шлепер-жаба. Овде со толицки возилца може единствено да те пуштат на картинг. Северно-американчкото правило гласи: Све испод ВиСикс е заебанција.

Со посебен пиетет, се глорифицираат и поштуваат до граници на тотемизам само горенаведените американчки коли; нема везе што Кадилак и Бјуик се продаваат на метро, Понтијак 'рѓосува за 18 месеца, а на Камаро, Корвета и Мустанг им е строго забрането да влагаат у кривина со брзина поголема од 40 на саат.

Општ утисак е дека сите се многу големи, ефтини и ружни. Дизајнерски се светлосни години позади европските модели. Секој еден почитувач на делото на Пининфарина попрво би воздивнал по маестралните линии на ДеГолка, ПеЗетка, Шкода ХиљадуЕмБе и Лада Жигули. За Миле Тречента нема место ни за муабет.

За да не тресеме заклучоци од рукав, се консултиравме со Зоки Хонда, познат гуру и тапкарош на ефтини и полураспаднати возила не поскупи од 700$. На прашањето што мисли за американците, у поверење ми шепнува: "Брат, сакаш по цел ден на еБај да бараш бомбина, реглер, баланс штангла и замаец?" Останувам без зборови, го дигам погледот и ја здогледувам урамената крилатица "Тата и Тофаш се Мајбах и Бентли за Понтијак и Крајслер".

Ми се сруши сонот за друмска крстарица со тркала со бел ринг, фурнирани врати, напред тросед, позади тросед, штопови тенки ем високи, километража ко Југост, мека вожња ко лаѓа... За кратко време, почнав со други очи да ги гледам истите коли. Скроз друг доживљај. Две точки: Шалтабла од пластика, не подебела од канче од кисело млеко "Бучен Козјак". Тапацир што е последен моден крик – крупно пепито отштампано на дебелкаст крепсатен од "Громби". Дамски мењач во луксузните модели, дршка од чадор во поефтините. Минимум 20 држача за кафиња, сокчиња и пифца. Сателитско радио со 300 канали новокомпонирана кантри глазба. Потрошњата домаќинска - седамнаес‘ литра на отворено (без клима). Како само човек се мења! Овојпут на бетер.

Оваа прича не би била целосна ако не се оддаде дужна слава на неговото Височество. Уште при првото стапнување на овој континент човек се среќава со горопадниот култен монстер наречен – трок. Тоа е превозно средство на голем број локални фраери и кицоши; статусен симбол, второ Јас, домашен љубимец...

Најтешко ми е кога треба да дадам дефиниција "Што е тоа трок?" зашто одма го навлекувам гневот на моите канадизирани другари. Ваљда нема да се наљутат. Па вака, хмммммм... : Највише личи на Франкештајн меѓу колите, мада не е ни кола, ни камион, ни тенк, ни

минивен, ни максивен, ни џип... Тоа ти е нешто како Тамче, има два реда седишта, нема церада, има фарови ко телевизори од 52 сантима, тркала од Сканија, многу кубици, голема кука, никлована бакса уместо гепек, троши 20 литра, а ако го дигнеш стотка почнуваат да му паѓаат делови. У овој случај, големината на егото е правопропорционална со големината на троко. Од година во година ги прават све поголеми и понамрштени. Сега постојат со 6 тркала, 5 тона носивост, можат да влечат авиони и подморници, одат по беспаќе и од скоро имаат мало ескалаторче за да можеш да се качиш во кабината.

Ме интересираше една работа и у еден неврзан муабет го запрашав гордиот сопственик на едно вакво чудовиште – што е тоа што го натерало да го сака троко повеќе од жена му и децата (и две каси бира). Добив одговор дека побезбеден виик'л нема. Не кажав ни збор и го оставив да верува во тоа. Никогаш не го прашав зошто кога ќе дувне развигорче се паркира у завет?

-----------

стрито – улица (на егејски).

хајвеј – автопат, многу голем со максимално дозволена брзина од стотка.

драјвеј – место пред куќа каде се паркира каро.

оуверсајз‘д - преголемо за нормален човек; за овде – нормално.

ВиСикс – кола со 6 цилиндри. Кубици и коњи не се битни.

Пининфарина – италијанско дизајнерско студио што под хитно треба да отвори филијала у Америка.

еБај – купување преку Интернет на ствари што се ефтини, а де факто не ти требаат.

Громби – дуќан за трикотажа. Своевремено беше корзо у вечените саати (многу одамна, пред да ја измислат "Ванила").

Југост – мал црно–бел телевизор што не фаќа ниеден канал.

бакса – основен превод е кутија, додека кај Егејците има многу поширока примена.

каса бира – 24 ладни пива (по 330ml) во картонска кутија.

виик'л - возило со најмалку четири тркала.


I ♥ CANADA

## Идила – Вилеров гоблен

Тру стори. Приказнава е навистина вистинска. Кога ја читаш, некаде од дното на душата ти доаѓа да ја преточиш у еден Вилеров гоблен. Затоа ќе покушам емоционално да ги ставам на куп: "Читачката", "Зимска ноќ" и "Коњи на поило", плус таписеријата на полугола риба со лелеава плетенка вешто сплетена од три клопчиња дебел мохер. Ова е сине, чиста заебенција у однос на сагата за нашите главни јунаци.

Ѓоко и Лиле се среќни сопружници. Живеат во хармоничен брак дваесет и кусур години. Почнале од нула. Цел живот работеле, се мачеле, создавале... Најголемото богатство им се нивните три прекрасни ќерки; паметни, воспитани, школувани... Но... Имаат и нешто друго.

Имаат куќа во Козле, новоградба, двестапеес квадрата, архитектонско ремек-дело. Внатре, као на филм. Кожни гарнитури, гранит, персијанци залегнати пред каминот, ЕлЦеДЕ од 60 инча, лустер со кристали Сваровски, теретана, италијанска кујна, соба за забава... Надвор, као у часопис. Најголем двор у цело маало. Големо газебо со викторијански стубови, милион цвеќиња, идеално потшишана зелена трева, алпинетум со фонтана, грандиозна скара...

Пред куќата се паркирани два ѕвера. Еден ЕсЈуВи што мами воздишки, црн, робусен, моќен, а до него бесна спортска макина. Чекај малце... Сега баш ми текна дека скоро купија уште една кола. Не е толку битна за муабетов, зашто тоа е една најобична Џета што ја возат само кога идат до пиљара.

Напорната и стресна работа бара квалитетен одмор. За тоа е задужена викендичката у Маврово, што се наоѓа у прв ред до езеро, на сама плажа.  Нова, ганц. Дефинитивно, тука е рајот. Ѓоко секое сабајле станува порано од другите. Ја обожава глетката на испарување на езерската шир. Залегнува у својот омилен лигенштул, пали една од оние пури што си ги донесе од Куба и целата атмосфера ја залива со Реми Мартен.... У тој момент е опседнат со дилемата дали да ги разбуди пријателите од соседните викендички и со нив да ужива во животот и во се она што создал... или... да седне во белата кожна фотеља од својот монструозен глисер, да го разбранува мирното езеро и силно да го почувствува душевниот мир што му го овозможува државата во која живее.

На ова место мора да ја прекинеме сказната за Ѓоко зашто почнува да заличува на љубавно Викенд романче... Уште ако кажам дека е преплануо од сунца, широких рамена и небесно плавих очију... А таков е , стварно.

Најважното го оставив за крај: Ѓоко со години работи како шофер во ГСП, вози дупла двојка од Сарај до Аутокоманда и обратно, а Лиле работи во Стоковната куќа преку мост, на втори спрат.

Не знам како да ви објаснам дека ова е 100% вистина. Гарантирам дека родителите ништо не им оставиле, ниту добиле на Бинго, ниту пак Ѓоко у слободно време дила дрога на малолетници... Чесно го заработиле секој долар. Ооооооопс, ми се испушти! Сега ќе морам да направам мали исправки во текстот. А толку добро звучеше!

Ѓоко и Лиле се мои драги пријатели. Навистина живеат во куќата што ја опишав, но не се наоѓа во Козле туку во Мисисага, Торонто. Викендичката не се наоѓа во Маврово, туку на едно прекрасно езеро на 2 саата возење од Торонто, а за глисерот заборавив да кажам дека има 200

коња. Уште нешто: Лиле навистина работи во стоковна куќа ама не на втори спрат туку на приземје, а Ѓоко не вози дупла двојка туку обичен градски аутобус. Секогаш дотеран, намирисан со Армани, ги поздравува патниците гледајќи ги низ цвикерите за сонце што коштаат 820 долари. Е, нив не ги купил сам; му ги подариле од фирма за да не му смета сонцето. Со песна и насмевка оди на работа, љубезен е со сите, си ја сака професијата... Никој не може да го извади од кожа затоа што овде никој не смрди, никој не се шверцува и не се бутка за прв да влезе. Чудно е, ама и него сите го сакаат. Никој не го пцуе, затоа што нема зошто. На секоја автобуска, тој пристигнува точно у секунда, така да по него можеш да си го курдисаш саатот.

Е, кога стигнавме до тука, морам да ви ја откријам и најголемата вистина за Ѓоко. Тој и не е толку среќен колку што изгледа. Многу често е отсутен и замислен. Во тие моменти мечтае и сонува како еден ден ќе се врати во прочуеното преспанско село каде што е роден и "најсетне" ќе почне да живее како човек.

---------------

Вилеров гоблен – квази рукотворба у кич рамка за која сите мислат дека е многу вредна и за таа цел се пренесува од колено на колено преку невестинскиот чеиз.

Реми Мартен – фантастичен дигестив у облик на одличен коњак. Не беше уопште лесно Ѓоко да се одвикне од Мастика и Вињак Рубин и да се пребаци на скупи коњаци и матуриран виски.

Куба – голем остров на Карибите каде 7 дена у хотел со 5 ѕвезди е поефтино од приватен смештај у Трпејца.

сетне, најсетне – преспански збор што нема превод на македонски.


YONGE STREET AND
LAWRENCE AVENUE

# Кафе у хамер

Кога човек ќе стапне на ова тло, прво што му паѓа на памет е изобилието на кафулиња, ресторани, барови... Очекува дека во оволкава метропола ќе си ги пронајде неговите места каде што успешно би се сокрил од притисоците што ги носи печалбарскиот живот. Ама, не е баш така. Уште одма пристигнува првото големо разочарување. Во овој град, местата каде што може човек на раат да кулира се поделени на следниот начин:

- <u>Кафе на трчање...</u> Овде некрунисан крал е неприкосновениот "Тим Хортонс". Тоа е ланец на (не знам како да ги кажам) точилници на филтер-кафе, со дополнително пригодно мезе у облик на крофни алиас “донатц“ и жидовски ѓевречиња попознати како “бегалци“. Најмалото кафе што можеш да го нарачаш има запремина од четврт литро, додека XL е накај цел литар. Се служи у чаши од квалитетен хамер со пластично капаче и у основа повеќе личи на компот од црни сливи отколку на некое православно кафе. Но, ретко кој го пие такво. По обичај се додаваат 3-4 лажици шеќер и млеко со 25% масленост; само особите со нето тежина над 120 кила шеќерот го заменуваат со натрен. Поголемите уживатели си носат термоси од дома, што им ги пунат на лице место.

Целата атмосфера е приказна за себе. Сите стојат мирно у линија, а тебе ти се враќа сликата од пред "Ужичка 15" и сакаш-нејќеш, попримаш туп поглед као да си на парастос. Си го чекаш својот ред, исто како примерен затвореник од некое Орвел-сценарио. Све се уклапа у амбиентот. Плочките се у некоја беж варијанта (два пути поружни од Градска болница). Залепени се до под мишки, а после продужаваат у уште поружен тапет. Столчињата се модел "Информбиро" и се заштрафени со типли (осмица) у бетон за да случајно некој не покуша да спои две маси.

Се буди осмиот путник у тебе, ти проаѓа срамот, собираш храбост, и мечка стра' мене не стра', се доближуваш до касата каде што господари "таа". Црномањаста риба у средни години. Триста паунда жива мера (преведено у кила – комај 140), шапи А4 формат, см'кнати фротирски чарапи, гумени кроксови, фризура поголема од Боби Фарел од Бони Ем, зуби ко Орбит Профешн'л... Трепнуеш два пути со очите да изгледаш уште поблентаво и на тврд енглески процедуваш: "Би биле ли толку љубазни, колку што сте симпатични, да оваа количина на црначка пот ми биде сервирана во шоља како што тоа се служи, на пример у Италија?"... Тајац. Те смрзнува погледот на Џаџ Дред и сфаќаш дека треба да си го собереш кафето, какво е - такво е, да ја развлечеш насмевката од уво до уво и најучтиво да се заблагодариш на кусурот.

Треба да се напомене дека човек од почеток пружа страшен отпор кон скрнавењето на овој божанствен напиток, но со тек на време попушта, за да после само 6 месеца не може да си го замисли животот без дневната доза од оваа сплачина.

– <u>Кафе ќорак...</u> Видно разочаран од Тим Хортонс, Сек'нд Кап, Старбакс, Тимотис и други самопрогласени кафетерии, човек решава да побара некое пристојно место у облик на паб, бистро, бар или ресторан. Ништо друго не е битно освен една Гаџиа у која се мелат мрсните Лаваца зрнца. Одозгора да бидат наредени убаво стоплените три врсти на филџани, и во строј да чекаат да бидат попарени со врхунско еспресо. Додека замислуваш конобарка полесна од 180 паунда (85 кила) како го принесува твојот омилен порок, налетуваш на вториот

заеб. По правило, на овие места никој не нарачал кафе у задњите 15 години. Го земаш менито и во него ти се дава можност да бираш помеѓу штуц џинџерела и 300 врсти пиво. Полека ама сигурно сфаќаш дека си у миш'н импосиб'л. Сркањето добро кафе е оневозможено. Паѓаш у очај и ти иде да ги замолиш да ти направат било какво, ама налетуваш на непријатни погледи полни со презир. У тебе зјапаат едно чудо вонбрачни деца на ЗиЗиТоп и Хулк Хоган.

– Домашно кафе... Крајот делото го краси. Целата оваа драма завршува со очекуван епилог. Си одиш дома, го земаш ѓезвето што си го донел од Македонија и си вариш едно турско. Господ да те види!

Наравоучение: Добро рекле старите - "Додека не го фатиш со своја рука – џабе".

----------

бегалец – доаѓа од зборот бег'л. Нешто слично на охридски варен ѓеврек, само не толку укусен.

Ужичка 15 – место каде живееше, а сега почива, другарот Тито.

Информбиро – не знам тачно, ама ... кога непослушниот другар Тито се закачил со Русите.

Орвел – тип што се збунил и напишал дека после капитализмот доаѓа комунизам.

крокс – гумени папучи слични на оние од Чик Куманово. Со години моден хит во Канада.

Џаџ Дред - лик од истоимениот филм (го игра Сталоне), каде ја превзема правдата во свои раце.

Гаџиа и Лаваца – ако не знаеш што се, не е ни толку битно.

џинџерела – газирано сокче, многу добро за стомачни тегоби.


Tim Hortons
Tim Hortons

# Јемиш, зарзават, мешпајз...

Во оваа земја постојат чудни навики и големи разлики во начинот на кој се пазари, што се пазари и колку се пазари. Потребен е долг период да секој си ги најде своите гранапчиња, кооперации, јемиши, мешпајзи и зарзавати.

Секако дека најпрљаво и најефтино е кај Кинезите, а најквалитетно и најскупо у италијанските маркети. Се пазари на повеќе места – во пиљари од пет квадрата, како и во хипер мега самопослуги поголеми од Градски стадион. Дури ни во овие најголемите, што имаат по пеесет и кусур каси и паркинг за 1200 возила, не може да се најде се. Не е дека нема, ама си аздисал по виршли што личат на Перутнина, сирење што смрди на Трничко, патлиџан што мириса на јабучар...

Нашиот човек гросерите ги дели на следниве групи:

1. Работи што ги има, ама... На почетокот, секој што држи до своите ЕрЕнКа и ДеЕнКа покушава да најде адекватна замена за она што го џвакал од раѓање. Рука на срце, тешко му иде. Кубанските пиперки имаат чуден вкус и дебела љушпа, ПеВеЦе патлиџаните можат да седат на собна температура со месеци, џбунестите марули се убави само на изглед, овчото сирење е кравјо, јајцата се мали и

бљунтави, кајсиите мирисаат на шаргарепи... Тажно, но човек се мири со фактот дека пинџурите не се ни од далеку исти, а манџите немаат ист вкус. Работата може некако и да се поправи ако направиш бафчиче позади куќа со шверцуван расад.

Слична е ситуацијата и со месото. Во Канада прасето не е "свето" животно како кај нас и тој ловоров венец (незаслужено) го носат говедото и птичурините. Сите се палат на некои стекови и мињони. Телеќи, пилеќи и ќуреќи. Фино е све тоа, ама никој не може а да не офне кога ќе се споменат: крцкавата кожа, ребрата, саламурениот врат, ражњичите, чварките, прженото мефце што се лепи за прсти...

<u>2. Работи што ги нема...</u> Да не се жали многу човек, овде има све што ќе ти падне на памет, а богами и уште толку. Ама... Има некои ствари што упорно ги барам до ден денес. Полесно ќе го најдев Светиот Грал. Списокот не е голем: суви пиперки, јогурт, младо лукче, фиферонки во пластично шише од литроипол, ракија во исто шише ама од два литра, рибизли, овчо кисело без овошје, шампити, добри вишни... Не е страшно, се живее и без тоа.

<u>3. Работи за почит и респект...</u> На прво место е монументалниот избор на зеленчуци и овошја. Стотици непознати биљки и плодови у различити бои. Шеташ така по кинески тезги и немаш благе везе што е што. У Сент Лоренц Маркет налетуваш на готови сарми у разни варијанти и величини, 70 врсти грав, 50 врсти леќа... Чувството на Лилипутанец е присутно насекаде. Опкружен си со бамји ко пиперки, целер ко диња, црн патлиџан ко тиква, малини ко јагоди, јагоди три у кило, лук ко цитрон, цитрон кило и пол...

Покрај големината, постојат и работи што се многу повкусни. Јагодите, телешкото, малините, компирите, боровинките и... на прво место е грозјето. Има 100 сорти, сите одлични и без семки (пошто со закон е забрането грозјето и лубениците да имаат семки). Еее, ко ќе ми текне на лекцијата по Запознавање на Природото дека Македонија е татковина на грозјето! Заблуда голема ко

планина. Не учеа уште дека и "трулиот капитализам неминовно пропаѓа". Баш го гледам; кај да е, готов е.

4. Работи што не очекуваш дека ги има... Покрај редовното пазарење, посебен мерак е визитата на дуќаните со ЕксЈу роба. Тука се снабдуваш со одредени ствари со цел да ја утепаш или пак распламсаш носталгијата. Уште од врата товариш ќебапчиња, бурек и кајмак, за да после тоа натенане шеташ по рафтовите преполни со: смоки, крем банани, бекутан сапун, домаќица, пелистерка, гранд кафе, фруктал, сите македонски ајвари и лутеници, газоза, орбит, гулаш подравка, бронхи, сите аргети, агроплод кикирики, цедевита...

5. Работи што ги има, ама џабе... Постојат и радњи каде што никој не влегува затоа што од самата смрдеа ќе почне перут да ти паѓа. Најчесто, арапски, вијетнамски, џамејка или индиско-пакистански продавници. Внатре по правило никој не знае енглески, а и да знае, не ти врши работа пошто немаш појма што е што.

У Канада пазарењето е догаѓај и угоѓај. Се одвива у субота од сабајле, со спуштени задњи седишта. Ливчето што си го пишуел од дома не важи, зашто наоѓаш ствари што се на спеш'л и по правило не идеш на каса додека не ја напуниш количката. А, у том грму лежи жбун. Овде количките за пазарење се нешто поголеми од контејнерите за ѓубре кај нас.

----------

гросери – намирници за минимум 150$.

Лилипутанци – мали човечиња што планинареа по Гуливер.

на спеш'л – намаление, со тоа што плаќаш редовна цена, а мислиш дека си прошол поефтино.


STRAWBERY
10$
TXE 2009

## Исто... ама не е (баш) исто

Модерните печалбари, се делат на две категории:

Првата, се оние кои доаѓаат овде, вегетираат у хибернација скоро четири години, не можат или не сакаат да се снајдат, ставаат пасош у џеб и штикла. Назад во прекрасната и една-единствена мајка-Македонија. По правило, тие четири години ги проаѓаат у пронаоѓање маани на ова општество. Не е лесно да се убедиш себе си, а и да им објасниш на пријателите и роднините, како овде нема везе. Следи спектакуларен кам-бек и вечното прашање "Да не се заебав?"...

Втората група е бајаги поголема и е составена од екс-Македонци кои интензивно работат на интеграција во канадското општество. Може да се генерализираат како успешни и стабилни луѓе со комплетно сменети навики и манири, како и јасна слика за она што го сакаат... Живеат во стабилен брак, со добро воспитани и одгледани деца (читај Канаѓанчиња).

Од немање време, човек не стига да направи паралела помеѓу тоа како живеел порано и како му е сега. Све е исто, ама не е баш...Еве еден мал преглед, каде се споредени **Б**ифор и **А**фтер за најголемиот број Македонци. Нека ми простат исклучоците...

1. Кров над глава.

**Б**: Заокружи го точниот одговор. Пред да дојдеш у Канада: *а*. Си живеел со мама и тато *б*. Си бил безгласен домазет *в*. Старците тргале од плата и ти купиле гајба *г*. Си бил Дете-кираџиче... Голема е веројатноста дека си спиел на Пиколино у комбинована, си кувал у тегет тенџериња со бели туфни, си газел по излижан синтелон... Кога ќе си го здогледал инкасаторот – ти се мрзнела крвта.

**А**: Живееш во сопствен дом што сам си го купил, среден како од каталог. Милион ситници од Икеа те прават неизмерно среќен, гордо газиш по хардвудот што сам си го местел... Око не ти трепнува колкави се сметките за парно, струја и телефон.

2. Бела и друга техника

**Б**: Телевизор ЕиНиш, Руди Чајевац или Беко, пружање алишта у двор или на тараса, поред судоперот – Сјај или Типсо, едвај еден компјутер за сите...

**А**: Сони 50 инча, бесшумна машина за сушење, ростфрај машина за садови, три компјутера, три лаптопа, медиа центар и сервер.

3. Превоз

**Б**: Рејс како ентри-левел, а подоцна Рено 4, Стокец медитеран, Лада на плин, Голф осумдеспрва. На бензиска пумпа, скришно шепнуваш: "Шефе, може ли за 150 динара?"

**А**: Хонда, Тојота, Германци, понекој Американец. Минимум две коли. Резервоари пуни до даска. Кога ке ти рикне аутото, доаѓа шлеп-служба и го носи на преса. За тоа време ти шибаш у дилершип (читај ауто-салон) и земаш нова кола. Не купуваш – земаш. Плаќаш 300$ месечно, или претворено у македонски пари и плати – 28€.

4. Починка и одмор

**Б**: За викендите најчесто идеш на Матка, Даре Бомбол, Четири Воденички, Гинофце, Шула Мина... Заслужениот годишен одмор го проаѓаш во убавините на Крани, Ачикот, Брајчино или Струга, а парајлиите у Пефкохори, Буљарица

и Лагадин. Пуниот пансион се состои од патлиџани, макарони, пиперки и месни нарезак од дома.

**А**: Викенди на езера како од бајки. Швицарска! Одмори во Куба, Доменикана, Флорида, скијање на Бристол Маунтин... Нормално, кај и да идеш, ол-инклузив со 5 ѕвезди.

5. Мезенце

**Б**: Раствараш Флавораид за децата, уживаш у камп-салама и трапист, џапаш ракија-пенџеруша од 100 ден за 2 литра, у рерна се к'рчкаат радиоактивен карабатак и ослиќ смрзнат пред земјотресот...

**А**: Пиеш Тропикана, огромниот фрижидер не можеш да го затвориш од што е препун, уживаш строго у друштво на Џони, јадеш органик...

6. Ботом лајн

**Б**: Дужиш кај комшијата у мини-маркет 1,200 динара и гледаш случајно да не те сретне и почне да ти плаче како и тој дужи на кванташки.

**А**: Имаш картички (у дебел минус) и кредити со вкупен долг од минимум 250.000$. И мува не те лази. Па не може душата да ти ја земат.

----------

хардвуд - малце поголем паркет.

рејс - аутобус на егејски. Веројатно кога бегале, погонот бил на педаљи.

Бристол Маунтин - смучарски центар у Америка, каде што апартман за 4 души кошта 40€ дневно.

Флавораид - страшен сок за растварање со боја и вкус на фолкодин и амоксиклав форте.

Тропикана - сок (најчесто) од цедени помаранџи. Толку е густ да не се пие - се џвака.

органик - храна без пестициди, адитиви и вештачки ѓубрива. Мислам дека е превара.


СТРУМКА
ЃОРЃИ КОЛОЗОВ
ШЕНКА КОЛОЗОВА
ГОЦЕ ТОДОРОВСКИ
ИН...
ТКЕ

# Носталгијата пуста да остане

Дружењето во туѓина најчесто се одвива преку седенки, квечеринки и журчиња. Во најголем број случаи – два до четири пара.

Голем (ако не и најголем) дел од овие дружби минува во туфкање и евоцирање спомени од "прошлиот живот"; кај се идело, што се јадело, како изгледало... Жените се тие што лесно кризираат у овие ситуации и у случај да им се пружи шанса, би се вратиле со првиот авион.

Во склопот на овие кружоци, главна трибина е вечната дилема: дали подобро се живее у Македонија со 500€ или овде со 5,000$? Без исклучок, сите, секогаш, и во секоја пригода ги споредуваат двете крајности и на тасот "Македонија" дополнително ја товарат носталгијата. А како се дефинира таа?

Текстот што следи, ќе го пишувам како Скопјанец. Сигурно дека важи и за сите други, само што треба да се заменат сопствените именки...

1. Почнуваме со "тазе дијаспората" која го опфаќа периодот од крајот на деведесетите па до денес. Секој облик на дружење со нив содржи еуфорична гастро-ретроспектива на која може да ѝ позавиди и Балашевиќ во "Ал' се некад добро јело". Лавината почнува со шкембиќи у

14-ка, бурек на Чешма у три саат сабајле, џигерица кај Љуц, пица у Балила, даска у Лира, скара на кило или у ДМ, кукурек кај Чамо, сладолед у Палма, ќебапчиња кај Дестан... За да не остане само на јадење, муабетот продолжува со: кафиќите на Кеј, кафе у Интермецо, капучино у Деус, Џент'лмен у Џек...

Освен храната и искачањето, она што останало како поим за квалитет се и кондурите од Пеко што се носат по 10 години, оделата Мура, делотворниот Лексилиум, Рашица џемпери, чорапи 5 за 100, сендвич ѕид со петка тервол, мушки гаќи 3 за 100...

2. Постарата генерација е онаа што киднала во осумдесетите години. Кај нив времепловот застанал кај: забавите у Таверна и Огниште, чудото пред Камел, висење пред Путник и Ванила, скара кај Сердарот, гирици у пролазот, боза кај Апче, журки у Јурист и Дваес'кец, дремење у Селф, гужва пред АниБониПирамида, салеп у Пеливан, мекици на Стража, стампедо на клизалиште, афричка смола и пченки пред Летница, гурање у Зелен Рај, симит-погача на Бит-пазар, сунчање на Церипашина, забавите на Цајо, гемишт кај глувите, извидничките кампови у Чањ и Морињ...

3. На најстарата генерација и припаѓаат Егејците и сличните "народности" од преспанско-битолските села. Најдобро се опишани во скечот на К-15. За нив уште не е научно докажано дали овде дошле со Викинзите или се искрцале со бродот на Колумбо. Нив не им фали ни храна, ни гардероба, пошто немале ни тогаш. Чувството на носталгија кај нив се манифестира на подруг начин. Кога ќе остарат, последните мигови од својот живот сакаат да ги поминат близу родната им грутка. Да одморат малку таму и после на раат, со чартер у еден правец, директно накај вечните ловишта.

Тука завршува носталгијата. Не е толку страшно. Тоа е само едно обично позитивно чувство. Многу лесно ќе го споредиме со клипчињата од одморите снимени на ВеХаЕс касети, или уште подобро со старите фотографии. Една работа е многу чудна; кога сите овие слики ќе поминат низ ситното сито на твојата совест, остануваат само

позитивните и убави сеќавања. Ги памтиш само моментите на среќа, љубов, задоволство, радост...

Остана да кажеме уште збор–два за блиските.

Ликовите на роднините со тек на време бледеат. И тоа побајаги. Не ти фалат скоро ич. Ќе им се јавуваш за роденден и Нова Година, а со текот на времето и поретко. Нивните фаци (заедно со спомените) се топат како ланскиот снег. Новите пријатели се кокичиња и качунки, што ја превземаат функцијата и на пријатели и на роднини.

Со најблиските е друга прича. Нив ги чуваш во срцето, во посебен департмент, изолиран од сите влијанија. На почеток ти е стварно тешко, ама покасно се навикнуваш да ги гледаш во живо еднаш на неколку години. Ако не се рачуна Скајп и Месинџер. Добра вест е дека у задње време и телефонските разговори се ефтини. Сега со мајка ми зборам десет пати повеќе отколку кога живеев у Скопје.

Со старите пријатели е најчудно. Покушаваш да им ги запамтиш ликовите, задничките моменти, сите финти, интересни случки... Тешко ти е без нив. Да можеш бар на два саата да ги видиш кога ти е тешко. Или кога си среќен. Имаш филинг дека доживотно ќе бидат дел од тебе. Ама, не е баш така. Кога ќе се сретнеш после некое време, не ги гледаш веќе со исти очи. Некако се смениле сите. Тешко ти иде муабетот, ја снемува хемијата. Дефинитиво, не се истите – други се.

На крајот не ти останува ништо друго, освен да се запрашаш: "А да не сум се сменил јас?"


СТЕЊЕ!

## Маската на кираџијата Зоро

Домашните миленичиња во оваа земја имаат посебен статус. Имаат граѓански права исти како жената и децата, а многу поголеми од мажот. Него, ај со ред...

Дали некој би поверувал дека овде нема кучиња што безгрижно се шлаат по улици? Ќе бидам ли сфатен озбилно ако кажам дека кучиња-скитници едноставно не постојат? Зашто – не знам. Затоа мислев, мислев и дојдов до три хипотези:

**1.** Сите ги утепале уште одамна, на време, за да немаат проблеми во иднина.

**2.** Ги згрижиле "племенитите и благородни" Канаѓани; ги здомиле, не за друго туку ради тоа што една пристојна пудлица у дуќан за миленичиња кошта околу 2,500$ (плус такса).

**3.** Сами изумреле како диносаурусите. Оваа теорија некако ми е најверојатна. У оваа држава дури ни познатиот киселоводски стритер нема инфраструктура за да преживее. Нема да умре од студ – ќе умре од глад. Ланецот на исхрана е прекинат со недостатокот на контејнери и купови ѓубре што се требат у ситните саати. Не знам дали нема ѓубре зашто нема контејнери или е обратно. Овде, градоначалникот ти пружа шанса, у текот

на неколку саата, у одреден ден од неделата, да го изнесеш ѓубрето на одредено ќуше од својот двор. На ова му претходи грижлива класификација: башка хартија, башка пластика и стакло, башка органско, башка останато... Ако не ти е вака сортирано и кесите не ти се наредени под винкла со тротоарот – едноставно не го собираат; ќе си го чуваш дома уште една недела.

Да се вратиме на кучињата и нивното баснословно одржавање. Брале, туу мач. Вадење млечен зуб – 300$, систематски преглед – 100$, операција на јајници – од 1,000$ нагоре, пристојна еутаназија и погреб (без парастос) – 1,000$, лечење на рак – 7,000$... А и редовните ствари не се баш ефтини: прашак за буви – 100$, глупости за глисти – 90$, шишање и чешлање – 40$, сечење нокти – 20$...

И ситуацијата со мачките е слична. Уличарки има многу малку. По слободна проценка, има едно пеес комада на седум милиона луѓе. Или со други зборови, на секои 9 километра по една.

Кога ќе размислиш малце боље, немаш ни време, а ни потреба од галениче. Доволно ти е тоа што на секој чекор имаш интересни "комшии" и "кираџии".

Дворовите и парковите се преполни со верверички. Ги има милиони. Не прават никакви бељи и уживанција е да ги гледаш.

Сивите зајаци се обавезен декор и секојдневни гости позади куќа. Многу се плашливи и се задоволуваат со малку храна.

Се дешава да се разминеш и со некоја срна, а поретко се среќава и којот (од помалите).

Творот е страв и трепет. Еден мал примерок смрди поише од цела Зоолошка у Скопје. Ако ти влезе дома, мораш да го мењаш мебелот, теписите, па чак и паркетот. Ако пак го згазиш на хајвејо, под хитно мењаш гуми, бандажи и поткрила.

Најинтересен член на оваа група е ракунот. Тоа е она дебелкасто животинче со маска од Зоро. Од неговото крзно и пругаст опаш се направени капите на најголемите

канадски борци за слобода и човекови права: Командант Марк и Блек Стена.

Ракунот живее со својата сопруга и по правило со печес деца. Обожава да се насели и одомаќини во кровот или под декот на секоја пристојна куќа. Тука почнуваат и вистинските проблеми. Како и све у оваа држава (освен мажот), ракунот е заштитен со закон. Не смееш да го избркаш од дома, не смееш да го плашиш да не се трауматизира, не смееш дури ни попреку да го погледаш. За среќа и не е некој голем бељаџија; једино што ноќе грепка по чатијата и се шуња у двор. Позната е случката кога во една куќа влегувал преку оџакот, го отварал фрижидерот и позајмувал храна.

Иначе, неверојатно е паметен и по цел ден снима што прават комшиите. Дење - ко да не постои, а ноќе е активен. Со леснотија ги отвара кантите за ѓубре независно дали капакот е на жабици или гвинт. Тачно знае кога е четврток (гарбиџ деи) и редовно ги отвара сите кеси со ѓубре, за случајно да не си фрлил нешто што му треба.

Доколку не постои основ за соживот, ти преостанува само да викнеш специјална екипа (слична на ГоустБастерс) која има за задача на мирољубив и достоинствен начин да ја спакува целата фамилија, да ги замоли да влезат во еден голем кафез и да ги однесе на стотина километри на север. Целата оваа срцепарателна епопеја завршува кога на заминување свечано ќе ти биде врачена фактура од неколку стотини долари.

----------

Командант Марк и Блек Стена – херои на Лунов Магнус Стрип. Имаат утепано поише црвени мундири отколку што Бата Живојиновиќ има утепано Германци (и Бугари).

киселоводски стритер – улична џукела, отпорна на све. Најпознатите примероци хараат од Рампа до Цементара.



## Срам и брука за Македонија

Македонците се едни од најдобрите, најпримерните, највредните и најцивилизираните граѓани на ова општество. Некој да ми го збореше ова пред да дојдам, ќе мислев дека ортодоксно лаже. Ова што го доживувам од моите бивши (и сегашни) сонародници, у најмања рука не е за веруење. Овие луѓе овде генетски се модифицирани, мутирале у некој нов облик. Би кажал: "Ја срамат и брукаат мајката Македонија."

Еве на пример, познавав многу од овие луѓе уште пред да се населам во Канада. Ви се верува ли дека сите до еден се имаат сменето, кој помалце, кој поише. И што е најчудно – се промениле на подобро. Не личат на себе, не ги препознавам. Као да има некоја подземна вода овде, масовна хипноза, како некој да им бае у сон...

Промената се манифестира со губење на старите карактерни особини, по кои сите ние надалеку сме познати. Веќе неколку години живеам у средина каде што нема ни О, К, З и Љ од оговарање, кодошење, завист и љубомора. Средина у која што никој не е опседнат со туѓите проблеми. Никого не го интересира колкава плата имаш, како си ја платил колата или колку ти кошта куќата.

Од друга страна, сите сакаат да ти помогнат, жртвувајќи го највредното нешто во својот живот – слободното време.

Овде, ако нешто ти фали, тоа е времето. Девет саата си на работа, два у кола, уште два ги носиш децата на секции, спорт и сл., на јадење губиш саатипол, гледаш телевизија 2 саата, саат на туширање и средување, саат на поливање трава или чистење снег, еден саат се расправаш на телефон со разни аквизитери, саат проаѓаш со домашното на децата и у најбољи случај ти остануваат три саата за спање. И у целава оваа фрка, некако ти успева да најдеш време да подработиш нешто низ куќа, и кога – динг/донг, некој ѕвони. Отвараш врата и... ги гледаш пријателите кои дошле да ти помогнат. И тоа без никој да ги викне. Ти текнуе ли на Македончето у ЈНА? "Друже десетару, другови ме дупу..."

Ситуацијата со гуштерите е уште почудна. Ако си нов, тазе дојден, сите гинат за тебе. Ти бараат стан, те влечкаат по дуќани, ти наоѓаат добра кола за мали пари. Те бомбардираат со информации: каде што се пазари, како да положиш возачки на четириесет години, како да кркнеш дечји додаток... Брзо се снаоѓаш, а уште побрзо се адаптираш.

На Македонциве овде им се мењаат и фаците. У секоја пригода, а посебно на журките и забавите, сите се насмеани. Немаш ниеден мргуд околу себе. Како да изумреле типчињата кои потпрени на нешто, редовно со виски у рука, само гунѓаат, закераат и кукумјавчат. Тука владее позитивна и хармонична атмосфера; како сите да се надувани. Се забављаат, џускаат, се зезаат... Брзо се воспоставуваат нови и искрени пријателства.

На почетокот све ова ми делуваше баеги нестварно. Имав филинг дека сум на лесни дроги и ме дрибла кој како стигне. Одличен кастинг, откачена сценографија, непредвидливо сценарио... Дефинитивно, бев убеден, ова е нова епизода од Скриена камера. Чекав само од негде да се појави Зоки Павлов у цајканско и да направи орангутан од мене.

Нормално дека покрај сите убави ствари, постојат и некои чудни (нус) појави; среќа не се толку страшни.

Кога ти доаѓаат гости, на пример, сите соблакаат кондури уште од визитор паркинг. Некои дури си носат папучи од дома. Најстрашен е моментот кога ќе се пушти Пајдушко.

Људска драма! Летаат влечки, топлинки, калчунки и платамонки на сите страни. За да спасиш глава, искачаш со пушачите у двор, независно што надвор е минус сто.

Сепак, чуденка нумеро уно беа и останаа новите македонски мезиња. Тоа беше и мојот прв цивилизациски шок, после што ми требаше долга и тегобна рехабилитација. Се деси на самиот почеток, само што стигнавме у Канада. За сефте и добредојде, ме однесоа кај некои непознати луѓе (сега многу блиски пријатели). Уштиркана камерна атмосфера. Домаќините поделија пијачки у чаши од Ајкиа и наздравија: "Ај, зарно-зубо". Уз фанфари и пригушено светло од ѕвезденото небо препуно со потлајти - стигна мезето. Анбилив'бл! Монументален ордевер нареден до перфекција. Жив карфиол, живи брокули, живи тиквички, бабури на шлајфни у сите бои на виножитито, патлиџанценца, гранки од жив целер... На три-четири, уходани ко Локици, сите се размацаа у еден бел сос и у тренутку том, све збришаа. Видим, очима не верујем. Следеа некои потпечени тортиљи што повторно се мацаа ама у некој друг сос со резеда боја... Круна на мезето беше кога домаќиниве принесоа планина од живи шримпсови, кои моравме да ги мацаме во еден трула-вишња сос.

----------

небаре – не е скопски збор, ама фино звучи.

Зоки Павлов – автор на емисијата "Скриена Камера" каде што ги бламира луѓето повеќе и од Драган Вучиќ.

Драган Вучиќ – главен протагонист во вицот со Шварценегер, пајакот и Сталоне и автор на неповторливата, непрежалената, ненадмашната и неприкосновено-најгледана забавно-музичка спрдачина "Вашите 5 минути".

Ајкиа – овде не се у стање да кажат нормално – Икеа.

потлајт – обична уградна халогенка, на која ѝ се навршуваат тажни 15 години откако стана демоде у целиот свет освен у Канада.

Локици – група од плавуши со црн корен што се таласа позади Здравко Чолиќ.

шримп – многу малецка обезглавена шкампа, штотуку одмрзната.


ДОБР

## Нирвана уз пиво у кофа

Машката забава и занимација се дели на активна и пасивна.

Активната е помалку застапена и се состои од спорадично и доумерено играње баскет и фудбал во доцните вечерни саати. Групата стројни момци-Македонци е составена од плејада високи и ниски, слаби и дебели, млади и стари... Сите имаат лавовско спортско срце, а ретко кој и талент. Утакмиците изобилуваат со чудни правила, пцуење (најчесто сам себе), кошкање, папсаност и огромна количина на убави чувства.

Втората активна занимација е резервирана за оние што живеат во куќи. Тие активно се бават и со шишање трава, поливање, собирање листови (и шишарки), чистење снег и кршење мразулци.

За разлика од нив, станарите што живеат у згради од по 200 или 300 стана имаат друг вид забава. У стил на разбацани шерпаси, по лифтовите м'кнат пуни и празни пивски гајби, илјадници ќеси со намирници, пакования од 72 ролни ВеЦе папир, енормни количини на ѓубре... Оваа амалска активност никад не би ти сметала, ако у лифтот не ти се сопатници: Пакистанецот што копа на кари и ти диши у врат, малиот Кинез со уште помали ноџиња, бабичката што го носи на мочање мастифот што е голем

ко липицанер... Молиш бога само да не влезе ќумбето од 48-ми спрат, што лесно ќе го препознаеш по златниот ланец од 7 кила, маицата до глуждови, малата алкатраз капа, телото на Кинг-Конг и патиките број 54.

Да се вратиме на пасивната занимација. Таа се состои од редовна посета на твојот омилен паб. Сценариото е секогаш исто. Дубоко зимаш воздух и влагаш. Првото чувство е напревазиѓено. Неподнослива смрдеа од која можат да ти се одврзат кондурите. Тоа е твојот омилен сладуњаво-киселкасто-самоубиствено љут сос за крилца. Таласот некако проаѓа додека ја чекаш раздраганата и лепршаво-буцмаста хостеса да те паркира у некое сепаре. Седнуваш на очајно (не)удобните клупи тапацирани со ефтин скај и знаеш на што си. Си дошол со тројца полугладни другари, и нема што да му ја мислиш. Нарачката е со години иста, ништо не се мења, освен што конобарката е све подебела. Од куртоазија ѝ кажуеш дека никад боље не изгледала и следи рецитација. Две позамашни ванглички помфрит со фета чиз (читај урда), 60 криспи крцкави крилца и 20 малце поголеми крилца (читај крилја) претходно ваљани у некој лигав сос. На крајот, најбитното - два комада толку посакувани, неодоливо испотени, екстра ладни и замаглени пичери Стела.

За неупатените да појасниме дека пичерот е култ у Канада и претставува проѕирен пластичен сад поголем од бокал, а нешто помал од кофа. У него се служи наливно пиво од непознат бренд и покрај тоа што сите мислат дека пијат Стела.

Крилцата се конзумираат уз мацање у разни дипови (умаци) и тупо буљење у пеесте телевизори што се поделени на следниов начин. На триеспет има хокеј, на десет безбол и на пет - карлинг. Проаѓа пола саат, завршува безболот, почнува тепање со кечери у кафези, а тебе не те држи место. Ги докрајчуваш принесените жртви, привршуваш со ритуалот и ладнокрвно ја чекаш конобарката да ти донесе сметка, бомбончиња и влажни марамици. Пред да го оставиш бакшишот, оддаваш едноминутна почит (уместо панихида) за жртвите на масакрот... Стануеш со слоумоушн, со едната рука се држиш за каишот, додека со другата го стааш буѓеларот у

задњи џеб... У стилот на Џеси Џејмс, полека и со долг чекор го напушташ местото на злосторот, оставајќи позади себе купчиња од мошти...

P.S. Со крилцата нешто не ми е баш јасно. Нашево мезе од претходниот пасус повлекува егзекуција на 40 кокошки. Кај им е овде математиката и економската логика, неам појма. Затоа, зимам плајваз и рачунам:  Ако дневно у Канада 250.000 души наручат крилца, тоа би значело дека месечно треба да се сардисаат 75 милиони кокошки. Имам филинг дека сум забораил таблица множење... Рачунам отпочеток, добивам друга фрапантна бројка, и се прашувам "А што ли прават со 150–те милиони батаци?".

P.P.S. Најбитно од све е дека уживам у една помисла. Моите другари од Македонија не можат ни да замислат колку ова му прија на еден човек.

-----------

ќумбе – многу црн црнец

карлинг – гарантирано најретардиран спорт на светот. Разни типови, клекнати на едно колено, лизгаат некои чајници, додека другите со метли и четки ја чистат ледената површина.

Џеси Џејмс – Американска легенда, раме уз раме со Бони Клајд, Вајат Ерп и Док Холидеј. Познат е по дугачкиот кожен мантил, лаганиот успорен корак, кратката двоцефка и меракот за пљачкање банки.

буѓелар – мушки новчаник, многу дебел, препун со картици и сметки. Од кеш ни трага.

плајваз – молив што се оштри со кујнски нож и за да почне да пишуе треба сочно да се излиже.


KILL THE WHITE
MACEDONIA

## Ќе ти го скршам ќебето...

Климата во Канада не може да се опише со еден збор. Почнува од медитеранско-дождлива во Ванкувер, подноснива во Торонто, чудна во Монтреал, ладна во Калгари и ѕивра у Винипег... Ова што е напишано подоле важи само за Торонто и пола Онтарио.

Не сакав да верувам на муабетите што се вртеа у Скопје зашто у тој случај немаше никад да дојдам. Сите ме плашеа дека монтката ќе ја носам и у август, колата ќе треба навечер да ја покривам со јамболија, у двор ќе ми шетаат пингвини, еркондишн не постои у Канада, кокичиња искачаат на крај на јуни...

Дефинитивно вака стојат работите за еден човек што не е зимурлија:

- Не е тачно дека овде има само две годишни времиња: зима и јули. Има и малце пролет и малце есен.
- Не е вистинита ни анегдотата за двајцата стражари, каде што едниот му вика на другиот: "Ако уште еднаш ми ја фрлиш чорапата ко бумеранг, да знаеш дека ќе ти го скршам ќебето!". Покасно разбрав дека ова важи за Винипег, главниот град на Манитоба.
- Ако го земеш глобусот, ќе откриеш дека Торонто е на географска ширина меѓу Скопје и Ниш, а појужно од

Монте Карло и Венеција. (На оваа финта стално сум се кладел у опклада и стално сум добивал.)

- Овде денот трае бајаги подугачко, така да у лето у 10 навечер е дење, а у четири сабајле - пак дење. Епилог – кокошките останувaат ненаспани.
- Летото е идеално. Нешто како мај и јуни по нашки.
- Торонто има повеќе сончеви денови од Скопје.
- У лето се дешава влагата да се качи накај стотка. Страшна слика! Фацата ти се оптегнува, очите ти идат накај ушите, ти ги снемува брчките, а прстите ти отекуваат ко увијачи.
- Зимата не е поладна од скопската, само што многу дугачко трае. Толку многу, што ти доаѓа у очај да ја рецитираш "Т'га за југ". Едноставно губиш надеж дека некад пак ќе запролети.
- Снег паѓа многу, ептен многу, само што у задње време забушава.

Еве интересна причица: Ако случајно решам да го освојам Северниот пол, можам комотно да ја запукам пешки. По пат ќе набасам и на највисоката планина на Онтарио, која со својот врв ги пара облаците. Страшната планина е висока цели 693m, или у превод - седум метра помалце од Средно Водно. Може нема ни да приметам дека сум ја освоил. Сега ми стануе јасно зашто е толку ладно; овде нема планини да го заустават Арктичкиот поветарац.

На ова секој нормален човек би се запрашал – па кај скијаат тие силни светски прваци у сите алпски дисциплини... Ја гледам картата на Канада и стварно има планини, ама на илјадници километри. Првата зима приметив дека секој викенд сите идат негде да пуштат по некоја смучка. Немогуќе да идат по 3,000 km, а се враќаат приквечер? Сфатив дека и овде у комшилук има скијачки центри, сите до еден пониски од Црниче, Пржино и Тасино Чешмиче.

Овие места се прича за себе. Стотина години староседелциве (меѓу кои и многу Егејци) фрлале ѓубре на повеќе места у градов. У меѓувреме Торонто се ширело и стигнало до брденцата. Скупо им било да ги мрдаат

височинките и решиле ѓубрето да го покријат со 2 метра земја, да стават по некој ски-лифт, едно-две бачила и сега за "скијање на ѓубре" ти зимаат 30$ за дневна.

Има многу вакви ритчиња, ама нови повеќе нема да има. Не знам точно пред колку години, ама градот решил целото ѓубре да го фрла у Америка. Секоја ноќ конвои од камиони го возат ѓубрето преку Нијагара... За таа цел е измислен и слоган: "Зашто нам, нека им смрди ним!".

Овој есеј не би бил целосен ако не го спомeнеме снегот. Овде паѓа стварно многу. Ако живееш у стан, немаш проблем; други го чистат, а ти само уживаш. И уживаш така едно печес месеца.

За цело време снегот е снежно бел и не знам зашто, ама не се топи. Како да е некоја посебна врста. Каков и да е, не ти прави никакви проблеми. Така добро го чистат да имаш утисак дека у лет го собираат. Колку и да врне, тротоарите и улиците се чисти и суви. Некња баш чув дека само Торонто има повеќе од илјада камиони за чистење снег.

Е, ако имаш куќа, црно ти се пишуе. Поседуваш асортиман од неколку различни лопати за снег, 100 кила сол у секое време, средства за одмрзнување шофершајбни, специјални метли и четки за снег... Лопаташ дење, лопаташ ноќе. Не смееш да го оставиш снегот поише од два саата зашто ќе замрзне. Е, ако замрзне, постои голема веројатност да се лизне поштарот. Е, ако се лизне, обавезно ќе скрши рука или ќе одглуми дека ја скршил. Е, после ќе те одерат така добро што и твоите внуци ќе им плаќаат оштета на внуците на поштарот.


FX3000

## Канадска маала није шала...

У Канада маалскиот живот е култура на живеење. Преполн е со чудни правила, повеќето непоимливи за балканските смртници...

Сите комшии се неверојатно прекрасни, многу фини и екстремно љубазни. Бар на папиру. Добиваш една идилична слика дека сите имаат перфектни бракови, воспитани деца и хумани карактери.

Овде комшиите не галамат, не се дерат по улица, не мењаат уље на тротоар, не перат теписони на паркинг, не буљат у жена ти и ќерка ти, не тресат теписи на тараби, не се собираат на купчиња у недела од сабајле...

Не постојат ни маалски ѓурултии. Кулминација на реметењето на домашниот мир настанува кога комшијата што живее преку две улици, ќе ти заѕвони на врата за да те праша дали имаш нешто против што у субота ќе прави мало журченце.

Маалското дружење се сведува на случајни средби додека искачаш од дома, шишаш трава или чистиш снег. У тој случај постапката е следна: растегнуваш широк осмех при што благо ги подигаш веѓите и пазиш да не ја подотвориш устата. Откако ќе забележиш дека и другата страна сложила иста фаца, се преминува на " 'Брутро" или " 'Барден".

Ако сте ептен блиски, следи и конверзација: "Како си? – Добро. А ти? Добро. Фала". И така со години и децении.

Маалските односи се нарушуваат у два случаја:

Прво, ако си заборавил или не си имал време да ја ишишаш травата, а таа пораснала повеќе од 4 инча (десет сантима). У тој случај казната е комплетно игнорирање од сите комшии, а се манифестира со вртење глава на друга страна при разминување. Од скоро, овој заплет поприма друг расплет. Некој од комшиите (по правило најстариот у маало) сигурно ќе те пријави у "зелена полиција". Не си ни свесен кога ќе пристигне екипата, ќе ти ја спастри травата и ќе ти остави белешка слична на онаа од причата за ракунот.

Втората заебанција се случува ако го оставиш детето само дома. И плус ако нема наполнето 12 години? Готов си! Комшиите како едвај да чекаат да те пријават у полиција како несовесен родител. Следи судска пријава, после која треба да идеш неколку дена у една специјална социјална установа. Таму ќе те посматраат ко покусни куниќ и ќе ти пуштаат некои филмови што после треба да ги прераскажеш со свои зборови.

Сепак, најблиските и најсрдечни комшиски односи се изразуваат на следниот начин... Овде у секое маало постои бабичка на која што и умрел дедото, а децата, ко што е ред, ја избришале од фоунбук. У тој случај, ти си добрачинителот и херојот во нејзините очи. Го чистиш снегот и пред нејзината куќа зашто така си васпитан од мали ноги. Нејзината воодушевеност и благодарност ја искажува на многу специфичен начин:

а. Ако децата ти се постари од дванаес или помали од три години или пак немаш деца, еднаш годишно ќе бидеш удостоен со гифт-карта.

б. Ако децата ти се помеѓу три и дванаес години, гифт-картата отпаѓа. Затоа пак, на Хелоуиин, твоето дете ќе добие две руки поише бомбони без да приметат другите деца.

Мене ме задеси и еден чуден пех со мојот комшија. Реновирав нешто у кујничето пред некој месец и се

десило да оставам куп(че) ѓубре позади у бекјард. Значи - у мој двор, на мој имот, скриен од сите погледи, на никој ништо не му смета... Си седам едно сабајле ја така по дома и гледам некој ми се шуња у двор. Излетувам надвор ко запета стрела и што да видам. Две типчиња веќе го натовариле целото ѓубре и ми ја метат патеката. Да живеев у Америка можев слободно да ги кокнам на лице место и око да не ми трепне. Ама, овде е друго. Додека чекам Балканецот у мене да премине у латентна состојба, случајно го здогледувам комшијата сокриен позади една грмушка. Откако се увери дека нема да оставам најмалку десет сираци од двајцава Пакистанци, храбро ми пријде. Ме погледна како да ми е класен раководител и ми кажа: "Комши, ја го организирав чистењево. Како сакаш сфати ме, ама не можев више да ти го гледам купот. Го срамиш целово маало. Ја им платив 100 долара, па ти види, како сакаш..."

Не помина ни секунда, Земјата се отвори и ме голтна.

----------

покусни куниќ – мало зајче, најчесто со бела боја, што служи за експерименти у лабораторија.

бекјард – место позади куќа, најчесто составено од: дек, газибо, мала бафча и зеленкаста трава. Поголемите фраери имаат и фонтанче, пул и хот-таб.

гифт-карта – картичка со одреден износ (најчесто пеес бакса), за да си ја почастиш душата у одредена радња у неодредено време.

Хелоуиин – Католичка замена за Коледе или у превод Ноќ на Вештерките.



# Ла Долче Вита

Кога човек (покушава да) живее у вакво општество, неминовно се среќава со многу несекојдневни, неочекувани, нелогични и апсурдни појави. Некако ко да е затечен, ко да паднал од Марс...

Ја (бар мислам дека) сум од оние што имаат истанчено чувство за осет и развиен сенс за филинг, ама ова е туу мач. Збунката што ме прати како сенка, би ја дефинирал како мешавина од Алиса у Земјата на Чудата, Гуливеровите патувања, Волшебникот од Оз и 1984.

Овој есеј е малце подугачок и е составен од повеќе мали бајчиња. Ако не сте знаеле, "бајче" е "мало од бајка".

**Политиката е ... самовила**

Неколку пути до сега, исклучиво од радозналост, сум покушавал да отворам муабет за политика. Ем не ми иде, ем немам соговорници. Затоа решив да направам мала анкета:

- На прашањето кој е премиер на Канада, пет души ми одговорија различно, а другите пет немаа појма.
- За министри дефинитивно никој нема благе везе.

- Никој не можеше да наброи повеќе од една политичка партија. А и таа една - повеќето ја утнаа.
- Сите знаеја дека Канада е једина земја на светот што нема претседател. Еее, сега ми стана јасно зашто у официјална визита не се дојдени ни Бате Чире, ни Тхе Ред Бане, а нема да дојде ни Хорхе Ивано. Нема кој да ги пречека.

Кутрите испитаници; од кај јадниве да ги знаат одговорите на овие прашања кога на телевизија (а и на радио) е со декрет забрането рекламирање на партии.

Никој не знае ни колкав мерак ме обзема кога листам новини и часописи, а у нив нема ни трага од политички реклами, кампањи...

А знаете ли дека никад у историја на Канада не се десило на билборди да има нешто друго освен коли и хамбургери... Политичари?... Ар ју факин' џоукин' уит ми!?

Нормално е човек да се запраша – немогуќе е и за избори да не се рекламираат. Е тука се предавам; се рекламираат ама на специфичен начин. Секој симпатизер (или член партије) има можност на строго определено место (на еквидистанца помеѓу тротоарот и пешачката стаза) да постави многу малецко билбордченце. Истото се состои од две жици (добар материјал за пачки за чатал) збрцани у трава преку кои е навлечена најлон кеса со политичка порука. Битно е дека ќесата има точно определена димензија – отприлика 50x30 сантима. На истата е отштампан и анфас на некој активист у месна заедница. Правилото вика дека ликот мора да биде насмеан (пожелно е да му се гледаат зубите), а целиот портрет не смее да биде поголем од 20x15 сантиметри.

**Кад ми је карта кренула...**

Поверењето е клучен фактор у трговијата; што и да кажеш, све ти верувaат.

Од скоро, на касите на големите маркети нема касиерки т.е. нема никој. Куцаш нешто на тач-скринот, сам ја проаѓаш робата на бар-код скенерот, протнуеш картицата и си искачаш. Лепота! Не постои чоек што не доаѓа у искушение да направи некоја ујдурма. Познавам типчиња што прелепуваат налепници, (као) погрешно ќе избројат, ќе мушнат нешто у џеб... Не е лесно да се одолее на волку поштење.

У ова исто купче ќе го ставам и враќањето на роба од оправдани (а уште поише од неоправдани) причини. Мене, иначе, уште ми е срам да вратам нешто, ама кај и да е - ќе се пресрамам.

Слика прва: Идеш у дуќан, зимаш ЕлЦеДе телевизор најголем што постои, гледаш светско првенство у фудбал, завршува финалето и го враќаш. Им викаш дека не ти се слаже со регалот. Ти ги враќаат сите пари до банка.

Слика втора, купуеш све од алат, реновираш дома и нормално – го враќаш. Ништо не им објаснуваш; све им е јасно.

Слика за шлог: Доаѓа фамилија Пакистанци, ги облака децата од глаа до пети и им купуе играчки. Проаѓаат неколку месеци и еве ти ја истата фамилија, ги износила алиштата, на мендото му фалат двете руки, фудбалот е дупнат, барбиката е пиштол гола... И, нормално, све враќаат без око да им трепне. Плус, може лесно да полудат ако целава ситуација не е проследена со широки осмеси од вработените на чело со менаџерот.

**Книги и здравје**

Книжарите се огромни, средени под конец, шарени, убајна за тепање време... Тука владее гробна штама. Исклучок се ќушињата, каде што се шмрка кафе и скришум се глодаат сендвичи од Старбакс.


TV
RADIO
REFUND!

Ова ми се деси еднаш додека шетав по бесконечните рафтови... Ми дојде апансас... Неочекувано... Не можев да го спречам... Се борев, ама не успеав... Немоќен бев... Беше појако од мене... Громогласно кивнав, некаде околу 110 децибела. У истиот момент, помеѓу книгите и позади полиците се појавија десетина насмеани фаци и едногласно воскликнаа: "Нааааа здравје!". Се вџашив и вчудоневидив, а од шокот не им се ни захвалив. Која ли (не)култура!!!

**Ај запали да те видам...**

Пушењето е забрането буквално сегде. Ја сум непушач, све ми е јасно, ама ова е претерано.

- Кутија у Канада кошта ко штека у Македонија.
- Казна за пушење у ходник, лифт, болница, школо и сл. е 5.000$.
- Ако сакаш да имаш упаљач и пепељара у кола, треба да доплатиш скоро 200$.
- Сите знаат дека у развиените земји на секое пакло цигари има слика од рак на грло, умрено бебе, тумор на плуќа, исушен мозок... Ама, слика на "снеможен паднат борец"?
- Цигари се продаваат само у трафики и на бензинска. Со закон мора да бидат покриени и сокриени, за да не знае ни продавачот кај му стојат.
- Не смее да се пуши на 15 метра од влез на било што.
- Не смееш да пушиш ни у сопствена кола додека си паркиран. У ствари можеш, ама не смееш да ги подотвориш пенџерето и шибердахот.
- Станарите у зграда не смеат да пушат ни на балкон... Освен оние у поткровје.
- Ако дома имаш пушач, плаќаш бајаги поголемо осигурање за куќата.

- Ако си пушач, имаш проблеми и со здравственото осигурање.
- При интервју за работа свечано изјавуеш дека ги мрзиш сите пушачи на овој свет и дека сите твои другари никад у живот не запалиле.

И на све ова, никој не се откажува од пушење. Се шверцаат цигари од Америка, се праќа по некоја штека од Македонија, се пуши у илегала на која би ѝ позавиделе и Тихи и Прле...

Најинтересни се страствените пушачи. Ако пушат по три пакла дневно, тоа ги кошта 1.000$ месечно. Е, у тој случај палат кола и идат на стотина километри према прериите. Право до најблиската индијанска територија. Овдешните староседелци (иначе мешавина на Чироки, Ирокези и Команчи) живеат у посебни резервати кај што нема ни такса, ни данок, ни акциза. Овде цигарите коштаат пет пути поефтино, смрдат поише од ЕмТе и се продаваат по 500 комада у најлон ќеса.

## ТиВи скеџуле

Не можам да ги заборавам "политичките аналитичари" што палеа телевизор одма после работа и гледаа вести све до фајронт. Прво ќе ги изгледаа од 4 до 8 на сите канали, па после уште еднаш од 8 до 12 за да го утврдат материјалот. Посластицата доаѓаше другото сабајле кога на работа секој ќе го обзнанеше својот став за политичкото ст(р)ање у Македонија и економската пропаст на светот.

Овде е малце подруго. На каналиве што ги гледам нема баш некои вести. Ќе пробам да ги доловам:

- Прва вест е секако временската прогноза, дали и кога ќе врне снег или дали и кога ќе се стопи.
- Одма следи стање на аутопутишта. Каде колку гужва има и кога ќе се расчисти... Ова обавезно е поткрепено со хелихоптерски снимки у живо.
- Па иде вест дека на Бред Пит путецот не му е више на лева страна; почнал да се чешла од десно на лево.

- Па како на некој земјоделец му се родила тиква од 200 кила или пченка од метроипол.
- Па како храбрите пожарникари ја спасиле уплашената мачка што по некој случај се нашла на врвот на една канадска топола.
- Па како употребеното шамифче на Елвис Присли е продадено на аукција за 200.000$.
- Па како црковниот хор од некое село (на пример Скудриње) добил нов свирач на укулеле, кој пак у младоста бил малтретиран од татко му.
- Па следат опширни извештаи за најбитните спортови на светот: безбол, карлинг, рагби, бадминтон, едриличарство и пикадо.
- Па пак уште еднаш за времето и шуќур – крај!

Програмата, драги гледачи, продожува со реклами за ретардирани, бесконечни репризи на Френдс, музика со пејачи у ѕвонарки и крагњи "додирни ми колена", преноси од погоренаведените најбитни спортови, свештенички проповеди на сите јазици, телешопинг у неограничени количини, понекој филм со Бастер Китон и Марлен Дитрих, па пак реклами за уште поретардирани...

**Волим осмех твој**

Шопингот е мелем за душа. Права уживанција. Влагаш у дуќан и никој не ти диши у врат, не те прати у стопа (у случај да не украдеш нешто) и не те пикира со благо-телеќи поглед. На самиот улаз обавезно стои човек што мора да им се смее на сите, а у исто време да не изгледа многу блентаво. По правило тоа е продавачот со најубави заби... Додека стои така оклештен, мора да пази на две ствари. Да му се гледаат сите 32 зуба и очите да му светкаат у знак на добродошлица; у спротивно – го бркаат од работа...

### Очи петбанки

У Скопје не бев од оние што почитуваат саобраќајни прописи; поготово кога идев пешки. Семафорите ко да не постоеја, а зебрите – или беа излижани или заградено-тазеофарбани. Се понашав ко бубашваба кога ќе ѝ запалиш светло. Претрчавав од Градска према Зелено пазарче, скокав преку ограда на Јане Сандански, цапав у жардињерите на Партизанска... Претежно без последици, ама не дај Боже да направев лоша проценка – останав на сред улица петнаес минути.

Овде е друго. Пешаците ништо не ги интересира и проаѓаат на пешачки без уопште да се завртат. Тука, кабает се возачите. Отвараат очи петбанки зашто ако случајно пипнат некој пешак – им сиба мајката. "Допрениот" не иде (ко што е ред) кај Благоја Железничарот, туку одма наоѓа двајца сведоци и те тужи за два милиона долари оштета.

### Фрчат пари од сите страни

Се прашувам можно ли е оваа држава да е толку поштена? Дури и наивна. Сите ја сисаат, а таа и понатаму дава и раздава.

- Мај е најсаканиот месец у Канада. Во овој месец државата им враќа пари на преку 20 милиони Канаѓани. Демек, многу потрошиле на даноци и сега немало смисла и еве им враќа по некоја иљадарка.

- У контекст на претходно кажаното, ми се јавуе другарот од Калгари и ми вика дека нив им вратиле уште плус по некоја иљадарка зашто не се потрошил буџетот на Алберта и срамота било да не им ги вратат парите на луѓето.

- У меѓувреме, секое дете додека не напуни 18 години мора да прима дечји додаток од 360$ месечно. Нема тука сакам – нејќам; ќе прима и оро ќе игра! Исклучок се децата на оние што стварно многу штекаат.

- Основно и средно образование се бесплатни. За разлика од Македонија, овде и учебниците се бесплатни (и многу убави).
- Студирањето се плаќа нешто симболично. Државата покрива повеќе од 70%. За другите 30% не постои студент што не се снашол. Се делат некои кредити без камата, стипендии и грантови. Плус постои и добро платена работа за преку распуст. Све на све, една година на било кој од најдобрите канадски државни универзитети кошта помалце од една година у скопските гимназии Нова и Јаја-Паша-Кемал.
- У Канада здравството е тотално бесплатно. Можеш да напраиш операција од 200.000$, а докторот да не го почастиш ни со сто грама кафе. Нема чак ни партиципација. Нема Мито Бекрија и нема врски за преку ред. Е, малце поише се чека и тоа стварно те вади од такт. Со години има мањак на доктори и покрај тоа што минималецот им е 200.000$ годишно. (Бај д уеи, медицина се студира најмалце 12 години.)
- Ааа, заборавив да кажам; нема плави картони и не мораш да плаќаш здравствено за да бидеш осигуран. Со самото тоа што живееш овде – ти си осигуран. И у овој случај нема сакам-нејќам.
- И да не платиш ни цента пензиско, пак ти следува пензија.
- Ако те отпуштат од работа (не по твоја вина), зимаш плата уште 18 месеци; нормално дека у меѓувреме подработуеш на црно.
- Ако немаш работа, државата ти плаќа школи, курсеви и колеџи и плус ти дава некоја црквица за да преживиш.
- Питачите на раскрсниците се туристичка атракција. Додека семафорот е зелен го читаат Хесе, а на црвено собираат ситно за кафе. На сите им е понудена работа и кров над глава, ама вака им е поубаво. Три пути дневно ги посетува комбе што им носи топол оброк.

**Грталица**

После 2-3 зими у Канада, неизбежен е судниот момент кога ти доаѓа преку глаа од огромните купишта снег пред куќа, од кои ни сонцето не може да изгрее. Тужно ги посматраш лопатите за снег од кои ти попуштила кичмата, а и рукитe што ти станале ко на Попај. Се буди у тебе мутираниот Миладинов и ти вика: "Не, ја не можам веќе вака да седам! Не, ја не можам волкаи снегој да гледам!". Ова е јасен сигнал за да се задужуеш на картица до гуша и да го купиш она по што долго чезнееш.

Бараш на интернет кој модел највише му одговара на твојот животен стил (читај џеб) и црта. Идеш да го товариш твојот најдобар зимски пријател – грталицата. Ја гледаш со восхит, осеќаш љубав на прв поглед. Џитка дванаес метара, има позициono, шес брзини напред, две рикверц, конекција за АјПод, церада за да не те дува, греачи за руки... Дефинитивно стануеш главен фраер у маало. Сите те поштуваат, а за тебе снегот станува мерак и уживанција.

**Ало, Климе! Кротко веслајте кајчето...**

У Канада постојат поише облици на риболов.

Ајс фишинг е типичен канадски риболов и се одвива исклучиво у зима (значи скоро цела година)... Идеш со кола до најблиското езеро, ја оставаш колата, ја облакаш најдебелата јакна и го зимаш ранецот полн со вунени чорапи, поткапи, ѕиври и нормално – термос со греана ракија. Се качуваш у ратрак и те носат неколку километри на пучина. Бираш место, покажуваш со прст и ти прават дупка у мразот. Преку дупката ставаат мала куќичка за четири особи, у која не можеш ни да се исправиш. Внатре има светло, две клупи, греалица и решо за да ги испржиш рибите шо си ги фатил. Све ова се дешава приквечер. Ратракот си иде и доаѓа по тебе другото сабајле...

Салмон фишинг се одвива на поголемите езера. Претставува риболов на лососи поголеми од еден метар. Од дома идеш само со желба за дружба, ништо друго не

ти треба. Се рента брод(че) за десетина души, екипажот се укрцава и директно иде под палуба на изработка на планот "која-чија трска е". Имено, на бродот веќе (унапред) има поставено трски со саили, мамци и други тракатанци. Ти у ствари ништо не праиш. Блееш у "твојата" трска и ако се закачи ѕверот ги викаш другите да ти поможат...

Кидавела фишинг е познат и у нашите краишта. Се состои од бегање од дома (и домашни обавези) и ловење у потоци што се производ на канализациона активност...

Риболов за замрзивач е облик у кој се иде по риба со цел да се напуни замрзивачот. За оваа активност обично се бараат многу плитки реки каде што има многу риба а малце вода. Ова дефинитивно нема везе со ловење. Најбоље би го опишал како "берење риба". Се наведнуеш, ги фаќаш со руки и ги товариш у гепек.

Спортскиот риболов е врхунац и крал на сите риболови. У него уживаат сите освен Македонците (и останатите балкански народи и народности). Се состои од тоа да, кога ќе ја уловиш рибата, треба да ја погалиш и да ја пушташ назад у вода.

**Море тој ми испил три илјади гроша**

Кога дојдов у Канада и прв пут решив да купам алкохол за да го утепам првичниот печалбарски шок, некој ми кажа: "Кај што се продава пиво – нема вино, а кај шо се продава виски - има пиво". Ова ми заличи на стара добра загонетна прича.

Овде (со исклучок на Квебек) алкохол се продава само у државните дуќани: Бир Стор и Ликер Стор. Нема винце у самопослуга, пифце на бензиска, приватно дуќанче што продава на гајби... Орвел решил овој бизнис да го стави под своја контрола, а со тоа да одлучи: што ќе пиеш, колку ќе пиеш и кога ќе пиеш.

Овие радњи ги има на секои два-три блока. Нема шанси да ги промашиш поради интересната глетка. Декорирани се со по неколку дрипци кои од државата се лиценцирани

и озваничени како непоправливи пијандури. Животот им се состои од собирање на празни лименки и стаклени флаши што ги мењаат у сооднос ”врећа ѓубре за едно пиво”.

Ликер стор е супер среден дуќан кај што има триста врсти виски и  илјадници врсти вино подредени по држави, региони, па дури и пониви.

Бир Стор е продавница у која се продава само пиво. Интересно е што има поише од 250 врсти пиво од сите краишта на светот. За жал ги нема најдобрите: Стар Лисец, Скопско и Алтан Ќутук (у превод Златен Даб).

Пивото се продава добро оладено, така да можеш одма да џапнеш пар комада, нормално - ако не те видат, пошто овде не смее да се пие на јавни места. Забрането е пиење у парк, на чамец, пред куќа, у кола... Исто така, не смееш да носиш ни неотворена флаша алкохол ако не е завиткана у хартија и ќеса.

Овде не се исплати да си пијаница-пивопија. Прво, ради тоа што Канада има најскупо пиво у свет. Друго, овде не знаат да се напијат едно-две пива. Пијат додека не се убијат и одземат. Треќе, те фатат ли да возиш цврцнат, си наебал за навек.

Ја конкретно, не пијам од други побуди; осеќам дека ”неко то од горе види све”. Додека не зеам пасош, не таласам... Не може ни Господ да ме разубеди дека Големиот Брат не води тачна евиденција кој, колку и кога пие, колку троши на сите облици на пороци и слично.

## Учениче на стари години

Со престојот во оваа земја, нормално е дека учиш нови работи, го дооформуваш карактерот, стануваш помудар, еволуираш...

Ќе покушам да ги набројам оние ствари што ми оставиле посебен утисак и сум ги прифатил како такви:

- Португалците месат најбољи леб у свет; све друго е заебанција.
- Не ти е потребен задњи модел на Нокиа за да импресионираш некоја риба.
- Ти треба многу танка чачкалица за да ја покажеш Македонија на глобус.
- Измислен е зелен фирнајз со кој дрвото го мачкаш еднаш на сто години.
- Постои држава у која никад немало нити пак ќе има: вулкани, поплави, земјотреси, урагани, цунами...
- Не може човек да ослабе ако јаде сендвич со три плескавици, два слоја кашкавал и три реда потпечени сланинчиња; можда и може, ако го залие со литар и пол Дајет Коук и го корегира со две-три Кит-Кет наполитанчиња.

- Постои пилешко што е тачно пет пути поскупо од свински кременадли.
- Носталгија не постои. Со гаранција. Измислена е од Егејците, за да имаат за што да им зборат на внуците.
- Чистењето на коров у двор е најдобар лек против стрес.
- Кукурек, крезли и јатки се многу вкусни, ама далеку од највкусни.
- Човекот не се мери у кубици и коњски снаги.
- Снегот никад никого не изненадува (освен у Македонија).
- И пензионерите се луѓе (за разлика од негде).
- Не мора да ги знаеш политичките платформи на сите партии за да бидеш најинтересен у друштво.
- ...
- Многу е тажен фактот што на овие години прв пат се осеќаш почитуван ко човек.
- Уште потажен е фактот дека тоа ти се дешава у туѓина.
- ...
- Сфаќаш дека постои држава што се грижи за луѓето, а тие ѝ возвраќаат.
- ...
- И конечно: Домот ти е таму кај што ти е најубаво!

